**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА (ЕУ) 2021/1166**

**од 15 јули 2021 година**

**за изменување на Регулатива за спроведување (ЕУ) 2019/947 во однос на одложување на датумот на примена за стандардни сценарија за операции кои се изведуваат во или надвор од рамките на визуелната линија на видното поле**

**(Текст со важност за ЕЕО)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската унија,

имајќи ја предвид Регулатива (ЕУ) 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година за заеднички правила во областа на цивилно воздухопловство и за основање на Агенцијата на Европската унија за безбедноста на цивилното воздухопловство, и за изменување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директива 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 216/2008 и (ЕЗ) бр. 552/2004 на Европскиот парламент и на Советот и Регулативата (ЕЕЗ) бр. 3922/91 ([1]) на Советот, и особено член 57 од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Во согласност со член 23(4) од Регулатива за спроведување (ЕУ) 2019/947 ([2]) на Комисијата, од 2 декември 2021 година, земјите членки можат да прифаќаат само декларации од оператори на воздухоплов без екипаж согласно член 5(5) на таа регулатива за спроведување на операции кои се придржуваат на едно од двете стандардни сценарија утврдени во Прилог 1 на Анексот на таа регулатива за спроведување.

(2) За производителите на воздухоплови без екипаж усогласените стандарди се значајна алатка која им овозможува да пласираат на пазарот воздухоплови без екипаж кои се соодветни.

(3) Меѓутоа, некои од усогласените стандарди кои се однесуваат на условите применливи за воздухоплови без екипаж од класите 5 и 6 нема да бидат достапни до 2 декември 2021 година.

(4) Затоа е потребно да се одложи датумот на примена со цел да се осигура дека усогласените стандарди кои се однесуваат на условите применливи за воздухоплови без екипаж од класите 5 и 6 ќе се достапни пред земјите членки да можат да прифаќаат декларации за операции во согласност со стандардните сценарија воспоставени со Прилог 1 на Анексот на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2019/947. Дотогаш земјите членки може да прифаќаат изјави од оператори на воздухоплови без екипаж во согласност со член 5(5) од Регулативата за спроведување, врз основа на национални стандардни сценарија или еднакввовредни сценарија.

(5) Мерките утврдени во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комисијата и пропишани согласно член 127 од Регулатива (ЕУ) 2018/1139,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Во член 23 на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2019/947, ставовите 2, 3 и 4 се заменуваат со

следново:

‘2. Член 5(5) ќе важи од 3 декември 2023 година.

3. Точка (2)(е) од точка UAS.OPEN.060 на Анексот и точка (1)(l) од точка UAS.SPEC.050 на Анексот ќе се применуваат од 1 јули 2022 година.

([1]) Сл. весник L 212, 22.8.2018 година, стр. 1.

([2]) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2019/947 на Комисијата од 24 мај 2019 година за правила и постапки за операции на воздухоплов без екипаж (Сл. весник L 152, 11.6.2019 година, стр. 45).

I [ ]

4. Без да е во спротивност со член 21(1), до 2 декември 2023 година земјите членки може да прифаќаат декларации од оператори на воздухоплов без екипаж согласно член 5(5), врз основа на национални стандардни сценарија или нешто еквивалентно, ако тие национални сценарија ги исполнуваат условите од точка UAS.SPEC.020 на Анексот.

Таквите декларации ќе престанат да важат од 2 декември 2025 година.'

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји

членки.

Брисел, 15 јули 2021 година.

*За Комисијата*

*Претседател*

Урсула ФОН ДЕР ЛАЈЕН